# ПРЕПОРАКИ

## НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)

Прва сесија од вториот циклус на Работна група 3, Правосудство и основни права (Поглавје 23)

**РЕФОРМСКИТЕ ЗАМИСЛИ ЗА „ПРОЧИСТЕНО“ ПРАВОСУДСТВО НИЗ ПРИЗМАТА НА ПОСТОЈНИТЕ МЕХАНИЗМИ**

ОСНОВНИ ПРЕДЛОГ - ПРЕПОРАКИ

1. Клучно прашање кое се поставува во врска со реформските замисли за „прочистување“ на правосудството е како, односно со кои методи треба да се постигне таа цел. Оттука, се препорачува изработка на план со јасни цели и прецизна методологија која ќе се примени за процесот на „прочистување“ на правосудството.
2. Се препорачува споменатиот процес да се спроведе/спроведува преку постојните механизми, односно преку засилување на капацитетите, но и активноста на постојните тела и органи (ДКСК, Судскиот совет, Советот на ЈО и сл.). Востановување нови тела и институции сметаме дека би било контрапродуктивно.
3. Да се испитаат причините заради кои постојните мехнизми за оценката на работата на судиите и јавните обвинители „затаиле“ или биле користени во помал обем, особено да се испита прашањето за недоволна екипираност на релевантните тела со кадар, опрема и сл.
4. Да се заврши процесот на востановување соодветна легислативна рамка, поточно, покрај веќе донесените нови закони или измени на постојните закони во сферата на правосудството, да се донесат и неопходните подзаконски акти за соодветно оценување на работата на судиите и обвинителите (така на пример, сè уште не е донесен нов правилник за оценување на работатата на јавните обвинители врз основа на новиот Закон за јавното обвинителство итн.).